Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став (1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 21.06.2018 година го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви: 110755, 110751 и 110754 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - Скопје со адреса на Кеј 13-ти Ноември бр.6 во Скопје, по барање на корисникот.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви: 110755,110751, 110754, 110753 и 110411 на корисникот МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - Скопје со адреса на Кеј 13-ти Ноември бр.6.

Корисникот МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - Скопје до Агенцијата за електронски комуникации достави барање број уп1-бр.0802-660 од 21.06.2018 година за отповикување на горнаведените одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба.

Одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 110753 (по решение број уп1-бр.0802-651 од 13.06.2018) и 110411 (по решение број уп1-бр.0802-1340 од 20.11.2017) се претходно отповикани.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-660
Скопје, 22-06-2018

**По овластување од Директорот,**

**Игор Бојаџиев**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите
- Сектор за финансии и сметководство

АЕК-751-301.12/Изм.02

Дигитално потпишан
од Igor Bojadjiev
Agencija za elektronski komunikacii